Македонска академија на науките и уметностите
бул. „Крсте Мисирков“ бр. 2, Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 02 3 235 400; факс: + 389 02 3 235 500
е-пошта: manu@manu.edu.mk

арх. бр. 02-3089/1
датум 16.12.2021

Врз основа на член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019, 267/2020 и 151/2021), член 26 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на РМ“ бр. 13/96, 5/09 и 59/2012) и член 6 од Правилникот за работни односи на вработените во МАНУ („Билтен“ бр. 2/2016), Македонската академија на науките и уметностите објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *референт-благајник* во Одделот за финансиски прашања, 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *чувар-пожарникар* во Одделот за безбедност и техничка организација, 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *соработник внатрешен ревизор на обука* во Одделот за внатрешна ревизија и 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *соработник систем-инженер* во Одделот за издавачка и за информатичка дејност

Покрај **општите услови** за вработување:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност, и
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност,

кандидатите треба да ги исполнуваат и следните **посебни услови**, и тоа:

➢ за вработување на 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *референт-благајник* во Одделот за финансиски прашања:
- средно образование, средно ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование, економска насока, и
- оспособеност за работа со компјутер.

Висината на основните месечни нето-примања за наведеното работно место изнесува 15.194 денари.[1] Платата може да биде променлива.
Работното време е од понеделник до петок, 8 работни часа (7.00 – 15.00 часот).

Заинтересираните кандидати за вработување на работното место *референт-благајник* во Одделот за финансиски прашања е потребно да достават: лична биографија (CV) и мотивациско писмо на македонски јазик, докази за исполнување на општите услови (уверение за државјанство и уверение дека на кандидатот не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност), како и докази за исполнување на посебните услови (диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место и доказ за оспособеност за работа со компјутер).

➢ за вработување на 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *чувар-пожарникар* во Одделот за безбедност и техничка организација:

[1] Висина на минимална плата во РСМ утврдена од Министерството за труд и социјална политика („Службен весник на РСМ“ бр. 80/21)

- средно образование, средно ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,
- курс за пожарникари, и
- лиценца за физичко обезбедување.

Висината на основните месечни нето-примања за наведеното работно место изнесува 15.702 денари. Платата може да биде променлива.

Работното време е во смени: од понеделник до петок од 17.00 до 7.00 часот и во сабота и недела од 7.00 до 19.00 часот и од 19.00 до 7.00 часот.

Заинтересираните кандидати за вработување на работното место *чувар-пожарникар* во Одделот за безбедност и техничка организација е потребно да достават: лична биографија (CV) и мотивациско писмо на македонски јазик, докази за исполнување на општите услови (уверение за државјанство и уверение дека на кандидатот не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност), како и докази за исполнување на посебните услови (диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место, доказ за успешно завршен курс за пожарникари и лиценца за физичко обезбедување).

➢ за вработување на 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *соработник внатрешен ревизор на обука* во Одделот за внатрешна ревизија:
- високо образование, ниво на квалификации VI A, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на економијата, или магистратура ниво на квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен,
- без работно искуство.

Висината на основните месечни нето-примања за наведеното работно место изнесува 23.634 денари. Платата може да биде променлива.

Работното време е од понеделник до петок, 8 работни часа (7.00 – 15.00 часот).

Заинтересираните кандидати за вработување на работното место *соработник внатрешен ревизор на обука* во Одделот за внатрешна ревизија е потребно да достават: лична биографија (CV) и мотивациско писмо на македонски јазик, докази за исполнување на општите услови (уверение за државјанство и уверение дека на кандидатот не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност), како и докази за исполнување на посебните услови (диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место).

➢ за вработување на 1 (едно лице) на неопределено време на работно место *соработник систем-инженер* во Одделот за издавачка и за информатичка дејност:
- соодветно високо образование, ниво на квалификации VI Б и 180 кредити според ЕКТС, ниво на квалификации VI A и 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- владеење на англиски јазик.

Висината на основните месечни нето-примања за наведеното работно место изнесува 23.634 денари. Платата може да биде променлива.

Работното време е од понеделник до петок, 8 работни часа (7.00 – 15.00 часот).

Заинтересираните кандидати за вработување на работното место *соработник систем-инженер* во Одделот за издавачка и за информатичка дејност е потребно да достават: лична биографија (CV) и мотивациско писмо на македонски јазик, докази за исполнување на општите услови (уверение за државјанство и уверение дека на кандидатот не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност), како и докази за исполнување на посебните услови (диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место и доказ за владењее на англиски јазик).

Документите се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

Со сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите за работното место за кое аплицирале ќе се спроведе поединечно интервју.

Изборот ќе се изврши во рок согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Пријавите со документи за исполнување на условите се доставуваат на следнава адреса:

Македонска академија на науките и уметностите
бул. „Крсте Мисирков" бр. 2 – Скопје

во рок од **3 (три) работни дена** сметајќи од денот на објавувањето на јавниот оглас, заклучно со 22 декември 2021 година. Кандидатите треба да ги исполнуваат условите наведени во Конкурсот во моментот на пријавувањето.

Некомплетни и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Телефон за контакт: 02/3235 400

Секретар на МАНУ,

доп. член Изет Зекири

Јазична редакција:
Софија Чолаковска-Поповска